Република Македонија
**Влада на Република Македонија**
**Центар за управување со кризи**

**Предмет: ИНФОРМАЦИЈА за состојбите и настаните во Република Северна Македонија за перидот од 08:30 часот На ден 26.08.2019 г. до 08:30 часот на ден 27.08.2019 г.**

Дел. Бр. 14-10/238
27.08.2019 година


Центар за управување со кризи

Димче Мирчев бр.9
П.ФАХ 372 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3249 101


**Информацијата е изработена според добиените писмени информации од Регионалните центри за управување со кризи, како и информациите од други субјекти кои учествуваат во системот за управување со кризи, во кои се наведуваат состојбите во областите за кои се надлежни.**

**За наведениот период ЦУК ги презентира следните обработени и селектирани информации:**

## 1. ЕЛЕМЕНТАРНИ И ДРУГИ НЕПОГОДИ

### *1.1. Активни Пожари*

**РЦУК – Струмица,** известува дека пожарот на **планината Готен** во реонот на **селата Покрајчево** и **Злеово** е **активен** и се шири на неколку места и во неколку правци. Во гаснењето учествуваат екипи од : ТППЕ Радовиш 10 пожарникари со 2 ПП возила и од ПШС Плачковица 35 вработени и 5 тренески м.в. Околу 15.30 ч. интервенирале 2 канадери на ДЗС и направиле по два прелети. Во утринските часови од ТППЕ Радовиш на терен излезени се 2 ПП возила и 10 пожарникари. Во моментот ПШС Плачковица прави напори за зголемување на бројот на луге со вклучување и на други институции. Исто така се очекува и два канадери на ДЗС да интервенираат. Со гаснење на пожарот ќе се продолжи во текот на денешниот ден.

**РЦУК – Велес,** известува дека околу 11:35 часот од **ТППЕ Велес** добиена е информација за пожар во близина на **с.Отовица**. Гори сува трева и има опасност од проширување. На терен се 6 пожарникари со 2 ПП возила од **ТППЕ Велес**.

Во 13:25 часот **ТППЕ Велес** известија дека пожарот се шири и дека во гаснењето се вклучени и вработени од **ШС Бабуна**. Од страна на **ДЗС Велес** писмено е побарано од **ДЗС** интервенција од воздух.

Упатена е и екипа од **ТППЕ Штип** на терен за помош во гасење на пожарот.

Во 15:15 од **ДЗС Велес** добиена е информација дека пожарот е проширен на поголема површина. Во гасењето се ангажирани се 50 вработени од **АРМ** и 1 хеликоптер на **АРМ** и 2 авиони од **ДЗС**. Исто така на помош се испратени и екипи на **ППЕ Неготино** и **ППЕ Кавадарци**.

Во моментов се прават напори да се заштити **хотелот Глориус** кој се наоѓа на патот на пожарот.

Пожарот кај **езеро Младост** е сеуште активен. Според информациите од терен горниот дел кај езерото е ставен под контрола но има проширување на краци назад кон **Башино Село** и **отпадот Дине**

кај автопат. На терен дејствуваат сили на АРМ, хеликоптер на АРМ и екипи на **ТППЕ Велес, Неготино, Св.Николе, Штип и Кавадарци.** Побарана е помош и од **Скопје**.

Во 18:15 од **ТППЕ Велес** добиена е информација дека пожарот кај **с.Ораовец** кој бил пријавен во 15:32 е активен. Гори нискостеблеста шума, смрека и сува трева. Во гасењето на пожарот интервенирале екипа од ТППЕ Велес со 6 пожарникари, екипа од ТППЕ Кавадарци со 2 пожарникари и неколку доброволци.

Од 19,45 од **ТППЕ Велес** добивме информација дека пожарот кај езеро **Младост** во делот кон **Отовица е изгаснат**, кон **хотелот Глориус,** исто така и кон **с. Новачани.** Кракот од пожарот во близина на **Башино** село сеуште се гаси, исто така и во близина на отпад Дине и работилницата на Мебел ВИ. Се гаси и кај црквата над Башино село.

Во 20,05 од **ТППЕ Велес** не известија дека под браната на езеро Младост повторно се запалиле тополи. Исто така се гаси и пожарот кај **с.Ораовец**. Еден дел пред селото бил изгаснат а за другиот дел од другата страна сеуште се гори. Екипите остануваат на терен заради контрола на теренот. Не известија дека интервенирале и екипа од **ТППЕ Гевгелија**. Синоќа градоначалникот на оптшина Велес свикал кризен штаб за координација со субјектите кои учествуваа во справувањето со пожарот.Договорени се и активности кои денес ке се спроведуват на терен за целосно гаснење на пожарот.

Исто така поради пожарот, е зафатена дел од пругата на релација **Велес- Кочани и Кочани – Велес** и патниот сообраќај е во прекин од 15:30 часот до санирање на настанатата штета.

**РЦУК – Охрид,** ја пренесува информацијата од **ШС Галичица** дека во атарот на **с.Опеница** и **с.Расино м.в.Јасика** е локализиран. екипа на ШС Галичица во текот на ноќта превентивно ќе го контролира опожарениот простор.

***1.2. Останати Пожари***

**РЦУК – Скопје,** известува дека **БППЗ на Град Скопје** Од 12:30 до 13:15 часот гасена е запалена сува трева и ѓубре во **с. Глумово,** интервенирале со 1 ПП возило 4 пожарникари, опожарена површина околу 2000 м2. **(општина Сарај);** Од 13:30 до 14:40 часот гасена е запалена мешана шума **с. Кондово**, интервенирале со 1 ПП возило 4 пожарникари, опожарена површина околу 5000 м2. **(општина Сарај);** Од 19:40 до 22:00 часот гасена е запалена сува трева и ѓубре на **ул. Гарсиа Лорка,** интервенирале со 2 ПП возило 5 пожарникари,опожарена површина околу 2000 м2. **(општина Шуто Оризари)** Од 22:50 до 23:55 часот гасена е запалена сува трева во **с. Грчец,** интервенирале со 1 ПП возило 3 пожарникари, опожарена површина околу 500 м2. **(општина Сарај);** Од 23:20 до 00:50 часот гасена е запалена сува трева и ѓубре во населбара **Радишани,** интервенирале со 1 ПП возило 3 пожарникари,

опожарена површина околу 5000 м2. **(општина Бутел);** Од 08:15 до 08:45 часот гасен е запален автомобил на **Бул.Видое Смилевски Бато бб,** интервенирале со 1 ПП возило 4 пожарникари,(**општина Аеродром**)

Во текот на денонокие имале и 2 помали интервенција на запалена сува трева и еден дуќан во околината на **Скопје.**

**РЦУК – Битола,** известува дека **ТППЕ Битола** во период од 14:35 до 19:00 часот интервенирале со 5 ПП возила и 2 пожарникари интервенирале на запалена нискостеблеста шума и сува трева во **с. Кален** према **с. Крушевица** (регионален пат према с. Витолиште). Опожарено е повершина околу 20 Ха.

Во текот на денот имале 2 помали интервенции за запалена сува трева во околината на градот и 1 техничка интервенција за носење вода.

**ТППЕ Крушево** и **ТППЕ Кривогаштани** во периодот од 12:45 до 14:45 часот со 2 ПП возила и 3 пожарникари како и 6 граѓани интервенирале за гаснење на запалена сува трева и дрвени прагови од пруга на површина од околу 5 Ха во атарот на **с.Пресил**.

**РЦУК – Охрид,** известува дека **ТППЕ Охрид** во период од 11:25 до 17:15 часот интервенирале со 2 ПП возила и 7 пожарникари интервенирале на шумски пожар во атарот на с.Опеница и с. Косел

Имал и една помала интервенција на запалена сува трева кај спортскиот центар Билјанини во гаснењето на пожарот интервенирале со 2 ПП возила и 4 пожарникари.

**РЦУК – Тетово,** известува дека **ТППЕ Тетово** интервенирале на запалена сува трева кај **с. Расадиште** во гаснењето на пожарот интервенирале не терен 1 камион од ТППЕ и 3 пожарникари присутни беа и 2 од Шумско Тетово па околу 16:00 часот ни извести од Шумско-Тетово дека пожарот е целосно локализиран.

**РЦУК – Штип,** известува дека **ТППЕ Кочани** во период од 20:00 до 24:00 часот интервенирале 2 ПП возила и 6 пожарникари и екипа од Македонски шуми интервенирале на запалена депонија во Кочани а потоа се прошири и на околната сува трева пожарот е изгаснат.

**РЦУК – Куманов,** известува дека **ТППЕ Куманово** во период од 12:40 до 14:20 часот интервенирале со 1 ПП возила и 4 пожарникари интервенирале на запалена куќа во **с.Орашац**

Имале и 3 помали интервенции поради запалена сува трева, во градот и околината.

**ТППЕ – Крива Паланка** од 13:26 до 14:45 часот интервенирале со 1 ПП возила и 2 пожарникари на запалено овоштарник во атарот на село **Осиче** м.в. **Девеџици** Опожарено е површина 1,5 Ха

**2. ТЕХНИЧКО – ТЕХНОЛОШКИ КАТАСТРОФИ**

***2.1. Радиолошка, хемиска или биолошка контаминација и загадување на воздухот, водотеците и човековата околина***

Од **Министерството за животна средина** добиено е известување во кое се наведува дека за ден **25.08.2019 година,** сите мерни параметри на Автоматските мониторинг станици за квалитет на амбиентниот воздух се во рамките на граничните вредности.

## 3. НАРУШУВАЊЕ НА РЕДОВНИТЕ СОСТОЈБИ ВО КОМУНАЛНАТА СФЕРА, СООБРАЌАЈОТ И ПРИ ПРОБЛЕМИ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЖИВОТНИ НАМИРНИЦИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА

***3.1. Водоснабдување***

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **ЈП Водовод и канализација** во која се наведува дека во текот на изминатото денонoќие ги бележат следните интервенции: Заради инсталирање затворачи за парцијален прекин во водоснабдувањето, односно само во деловите каде што евентуално би се појавил дефект, во периодот од 07:30 до 17:00 часот без водоснабдување останале корисниците од нас.Лисиче (**опш.Аеродром**); Заради дефект на ППХ од Ф – 80 мм на ул.Индира Ганди бб, во периодот од 09:00 до 15:30 часот без водоснабдување останале дел од корисниците од **ул.Индира Ганди** (**опш.Шуто Оризари**).

**РЦУК – Битола,** ја пренеусва информацијата од **ЈП Водовод и канализација** од **Прилеп** во која се наведува дека поради деект на водоводната мрежа во пеирод од 08:00 до 14:00 часот без вода останале корисниците од **улиците Ѓорѓи Сугаре, Борка Лопач** и **3-ти Ноември** како и реонот на Пречистителна станица - Прилеп.

***3.2. Електроснабдување***

**ЕВН Македонија известува дека поради планирани зафати на електро дистрибутивната мрежа на ден 28.08.2019 година без електрична енергија ќе останат:**

- **Од 10:00 до 12:00 часот, корисниците од дел од ул.Димо Гавровски - Кара (опш.Тетово);**
- **Од 08:30 до 14:30 часот, корисниците од селата Арнакија, Буковиќ, Ласкарци, Раовиќ, Паничари, Семениште и Чајлане како и Езеро Треска, Наплатна Арнакија и Виа комерц (опш.Ѓорче Петров - Скопје).**

***3.3. Производство на електрична енергија***

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **РЕК – Битола** во која се наведува дека **ТЕ – 1** е во застој, **ТЕ – 2** работел со снага од 180 MW и **ТЕ – 3** работел со снага од 200 MW.

**РЦУК – Тетово,** ја пренесува информацијата од **ЕЛЕМ ХЕЦ Маврово“** во која се наведува дека **ХЕЦ „Вруток“** произвела 2.363.250 квч, **ХЕЦ „Равен“** произвела 305.000 квч и **ХЕЦ Врбен** произвела 4.672 квч електрична енергија.

**РЦУК – Охрид,** известува дека **ХЕЦ Глобочица** има произведено 556.000 квч електрична енергија.

***3.4. Нарушување на сообраќајот***

Во извештајот добиен од **АМСМ** во **06:40** часот на ден **27.08.2019 година** се наведува дека сообраќајот на државните патишта се одвива по суви коловози.

**ИЗВЕСТУВАЊЕ:** Од денес 26.08.2019 со почеток од 07:00ч. ќе започне со работа наплатната станица Гевгелија.

**АМСМ** препорачува прилагодена брзина на движење, почитување на поставената сообраќајна сигнализација и внимателно управување со возилата, особено на патиштата низ котлините, речните долини и клисурите, каде има можност од појава на одрони. Ова посебно се однесува за делниците Катланово – Велес, Маврово – Дебар – Струга, Виница – Берово и Кочани – Делчево.

**ЗАБРАНА ЗА ТЕШКИ ТОВАРНИ ВОЗИЛА:** Од 01.07.2019 година започна со примена временскиот режим на сообраќај во летниот период од 01.07. до 31.08. на државните патишта, со кој се забранува движење на тешки товарни возила чија вкупна маса преминува 15 тони, за време на деновите од викендот и за денови при екстремно високи температури.

**РАБОТИ НА ПАТ:**

Виадукт Трејд известува дека на ден 19.08.2019 ќе се започне со изведување на градежни активности за поставување на електрично осветлување на **крстосница Катланово** на магистрален пат А1, делница **Петровец - Катланово,** во времетраење од 30 дена, за што ќе се изврши промена на режимот на сообраќај.

Од 31.07.2019 се почнува со изработка на прв слој асфалт на патен правец Лот 2 **Драчево-Орешани**. Како алтернатива ќе се користи патот низ Студеничани, пренасочувањата ќе бидат кај Бајота маркет на крај на нас.Драчево во правец кон Студеничани и кај Фурната во Студеничани во правец на нас.Драчево.

**Ј.П.Македонија Пат** известува дека поради изведување на градежни работи на пат (асфалтирање) на регионалниот патен правец Р2344, населба **Чашка – с. Голозинци**, од 26.06.2019 год. (среда) сообраќајот ќе биде во прекин секој ден, освен во недела, од 10 – 16 часот во наредните два месеци.

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Македонски Железници** во која се наведува дека заради високите температури во периодот од 12:00 до 19:00 часот, има ограничување на максималната брзина на движење на возовите на **50 км/h.**

## 4. ОСТАНАТИ ИЗВЕСТУВАЊА

### *4.1. Управа за хидрометеоролошки работи – временска прогноза*

**ВРЕМЕТО УТРЕ**
Уште утре во попладневните часови ќе има зголемување на облачноста со локален пороен дожд, грмежи и засилен ветер.
Т-мин. од 11 до 21 а т-макс. од 29 до 36 степени. УВ=7

Во Скопје, претпладне сончево, а попладне ќе има зголемување на облачноста и со услови за краткотраен пороен дожд и грмежи.
Т-ра 19/35 степени. УВ=7

**ВРЕМЕТО ВО НАРЕДНИТЕ ДЕНОВИ**
Потоа до крајот на неделата следува период на стабилно и топло време.

### *4.2. Институт за трасфузиологија*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Институтот за трансфузиона медицина на Република Македонија** во која се наведува дека на ден **27.08.2019 година** планирана е крводарителна акција со жителите на **с.Матка - Скопје.**

### *4.3. Минирање*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **РуднициБањани** најавија дека до крајот на месецот, само во работни денови, од нивна страна ќе бидат изведени по две минирања во периодот меѓу 09:00 и 10:00 часот како и меѓу 13:00 и 14:00 часот во **„Каменоломот Бањани“**.

### *4.4. Останато*

**РЦУК – Радовиш,** известува дека заради превземање на одредени мерки и активности за ставање под контрола на активниот пожар на **планината Готен, ПО РЦУК Радовиш** на ден **26.08.2019 година** свика вонреден состанок на регионалниот штаб, со единствена точка на дневниот ред „Превземени мерки и активности како и изнаоѓање на решение и ставање под контрола на активниот пожар на **планината Готен** во **опш.Радовиш**“. На состанокот биле присутни претставници од **РЦУК Радовиш, ДЗС ПО Радовиш, ЕЛС Радовиш, ПС ОН Радовиш, ЈП „Национални шуми“ ПШС Плачковица Радовиш, ТППЕ Радовиш, МЗШВ ПЕ Радовиш, МО ОО Радовиш, ОО Црвен Крст Радовиш** и **ЈЗУ Здравствен дом Радовиш**.

На состанокот биле донесени следните заклучоци:

- Поголема координација помеѓу сите инволвирани учесници на терен за поефикасно дејствување и ставање на пожарот под контрола.
- Авионите за гасење пожар на **ДЗС** да бидат вклучени најрано што дозволуваат условите а да не е после 13/14 часот заради високите температури, и нивното вклучување да биде до ставање на пожарот под контрола.

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од Град Скопје во која се наведува дека на ден 29.08.2019 , во раните утрински часови, на подрачјето на **градот Скопје**, ќе се изврши авионска дезинсекција против ларви од комарци. На истата дата, во текот на денот, ќе се изврши и терестична дезинсекција против ларви од комарци.

Доколку временските услови не го дозволуваат вршењето на дезинсекцијата, истата ќе се изврши првиот нареден ден, кога временските услови ќе бидат поволни, во истиот термин.

Се известуваат пчеларите навремено да ги преземат потребните мерки за заштита на пчелите.

**Оперативен центар на Центарот за управување со кризи на Р.Македонија, телефон 02/3249-211, 02/3249-212; факс: 02/3249-213, 02/3136-226; e-mail: situacionen.centar@cuk.gov.mk**

**Информацијата е изработена врз основа на:** Информација од РЦУК Скопје бр.238 од 26/27.08.2019; Информација од РЦУК Битола бр.16-3/238 од 26.08.2019 со Податоци за состојба со водите;Информација од РЦУК Струмица бр.16-3/513 од 26.08.2019; со Податоци за состојба со водите;Информација од РЦУК Охрид бр.16-3/513 од 26.08.2019; со Податоци за состојба со водите;Информација од РЦУК Штип бр.16-3/286 од 26.08.2019; со Податоци за состојба со водите;Информација од РЦУК Велес бр.16-01/238 од 26.08.2019; со Податоци за состојба со водите;Информација од РЦУК Тетово бр.17-258 од 26.08.2019; со Податоци за состојба со водите;Информација од РЦУК Куманово бр.16-3/334 од 26.08.2019; со Податоци за состојба со водите;Известување за планирани прекини од ЕВН Македонија од 26.08.2019; Известување од Мактек ДООЕЛ од 08.08.2019; Информација од МЖСПП од 26.08.2019; Временска прогноза и хидролошка информација од УХМР од 26.08.2019; Известувања од АМСМ од 26/27.08.2019.

**Подготвил:** Али Реџепи
**Прегледал:** Петре Наков

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ**
**СО КРИЗИ**
**Оперативен дежурен центар**

**Доставено до:**
1. Претседател на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Претседателот**
2. Влада на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Премиерот**
   **Генерален секретар**
3. Министерство за внатрешни работи
   **Кабинет на Министерот**
   **ДОЦ на МВР**
4. Министерство за надворешни работи
   **Кабинет на Министерот**

5. **Агенција за Разузнување**
6. Министерство за одбрана
   **Кабинет на Министерот**
   **ОЦ на ГШ на АРМ**
7. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
   **Кабинет на Министерот**
   **Агенција за храна и ветеринарство**
   **Управа за хидрометеоролошки работи**
8. Министерство за здравство
   **Кабинет на Министерот**
9. Министерство за животна средина и просторно планирање
   **Кабинет на Министерот**
10. Министерство за транспорт и врски
    **Кабинет на Министерот**
    **Агенција за државни патишта**
11. Министерство за образование
    **Кабинет на Министерот**
12. Дирекција за заштита и спасување
13. ЈП „Македонски шуми“
14. Државен инспекторат за шумарство и ловство
15. ЕВН
16. Црвен крст на РМ
17. АМСМ
18. Мисија на ОБСЕ
19. Амбасада на САД
20. Амбасада на Р.Франција
21. Обединети нации (UNDSS)
22. Светска здравствена организација
23. ПК на Совет на Европа Скопје
24. Македонија Пат
25. Корисници во ЦУК (по посебен список)
26. Архива